Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................... 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ОСНОВИ НА АГРОЕКОНОМИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, на седницата одржана на 22.2.2010 година, со Одлука бр. 1802-43/12 избра Рецензентска комисија во состав:

1. доц. д-р Еленица Софијанова, наставно научна област економика на земјоделството (претседател),
2. проф. д-р Трајко Мицески, наставно-научна област менаџмент и статистика (член),
3. вон. проф. д-р Ристо Фотов, наставно-научна област финансии (член)

за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област ***економика на земјоделството и основи на агроекономија*** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со Конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 4.2.2010 год., за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област *економика на земјоделството и основи на агроекономија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот “Гоце Делчев“ во Штип, се пријави само кандидатот **Петар Клетникоски,** помлад асистент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Кандидатот Петар Клетникоски ги има поднесено следниве документи: пријава, кратка биографија (во четири примерока, диплома за завршени додипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, Агроекономска насока (4 копии заверени на нотар), потврда за положени испити на втор циклус на студии на Економскиот институт – Скопје, насока Агробизнис, сетификат за познавање на англиски јазик, список на презентирани и објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите, уверение за државјанство и други дипломи, сертификати, одлуки и решенија од областа за која е распишан Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Петар Клетникоски** е роден на 16 октомври 1982 година во Кочани, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во Берово.

Во јуни 2006 година дипломира на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Агроекономска насока.

Од 2007 година е запишан на втор циклус студии од обласата на агробизнисот, на ЈНУ Економски институт – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде ги положува сите испити и во моментов работи на изработката на својот магистарски труд.

Во периодот од октомври 2005 година до февруари 2006 година извршува студентско стажирање во **„**Инвестбанка“ АД Скопје, во Секторот за кредитирање во земјоделството.

Во периодот од септември 2006 година до март 2007 година работи во Овчарска кооператива „Изгрев“ - Берово, како проект-менаџер на одредени проекти кои ги реализира Овчарската кооператива.

Со Одлука бр. 866 од 4.6.2007 год. од Матичната комисија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Петар Клетникоски е избран во соработничко звање помлад асистент за научната област економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Петар Клетникоски во периодот меѓу двата избора ги остварува следниве наставни, научни, стручно-апликативни и организациски активности.

**Наставно-образовна активност**

Петар Клетникоски успешно ги извршува своите наставни активности како асистент по предметите Развој на хумани ресурси (2+2+1), Основи на економија (2+2+1) и Економика на земјоделството на Земјоделскиот факултет (1+1+1) во Штип и Струмица и на дисперзираните студии на Земјоделскиот факултет во Кавадарци и Свети Николе.

**Објавени научни и стручни трудови**

Резултатите од научната и стручната активност на кандидатот се презнетирани на домашната и странската научна јавност преку следниве научни и стручни трудови:

1. Sofijanova E. **Kletnikoski P**. (2009): Creating competition in agro-business through management of the quality. Научно – практическа конференциа с международно участие, „Аграрниат сектор в условиа на финансова криза“ – Свиштов, Бугарија: p.76-81.

Во овој труд, објавен во зборник од трудови на научна конференција на меѓународно ниво, е прикажано на кој начин управувањето со квалитетот помага во создавањето на конкурентноста на агробизнис секторот. За да може во агробизнис секторот да се создаде конкурентност, потребно е да се произведуваат квалитетни производи со употреба на квалитетни суровини и професионално извршување на сите задачи од страна на субјектите во агробизнис секторот.

2. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2009): Заедничката аграрна политика на ЕУ. Годишен зборник на Економски факултет - Штип, год. 1: стр. 101-108.

Во овој труд е даден краток приказ на Заедничката аграрна политика на ЕУ и предизвиците на Македонија на патот кон ЗАП на ЕУ. Поради големото значење што земјоделството го има за европските граѓани, Европската унија го регулира овој сектор преку Заедничката аграрна политика. Со цел приближување на Македонија кон Европската унија, еден од првите чекори што треба да се направат е приспособување на Македонија кон земјоделството на ЕУ односно ко ЗАП. Поради тоа е многу важно да се разбере ЗАП на ЕУ.

3. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2009): Економика на земјоделството - Интерна скрипта од предавања. Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.143

Интерната скрипта по економика на земјоделството е наменета за предметот Економика на земјоделството, што се слуша во четвртиот семестар од првиот циклус студии на Земјоделски факултет. Скриптата има 143 страници и во неа се опфатни поглавја од областа на економиката на земјоделството предвидени според наставна програма за предметот.

4. Михајлов Љ., **Клетникоски П.** (2008): Економски ефекти од производството на органска луцерка во услови на наводнување во Овче Поле. Годишен зборник на Земјоделски факултет - Штип, год. 8: стр. 95-101.

Во овој стручен труд се испитувани економските ефекти од органско производство на луцерка во услови на наводнување во Овче Поле. Цел на испитувањето е да се анализира, утврди и прикаже економската оправданост на органското производство на луцерката во услови на наводнување во Овче Поле.

5. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2008): Статистичка анализа на потрошувачката на средства за заштита на растенијата во Република Македонија (1977– 2006), XXXIII-то традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија - Охрид.

Во трудот се дадени табеларни и графички прикази на динамиката во потрошувачката на средства за заштита на растенијата, во Република Македонија, изразени со базични и верижни индекси. Статистичките податоци покажуваат дека користењето на средства за заштита на растенијата во последниве 30 години имаат тенденција на намалување, кое е особено изразено во 2005 година, кога нивната потрошувачка изнесува само 156 t, за да во 2006 година нивната потрошувачка дупло се зголеми т.е. достигне 336 t.

6. **Kletnikoski P**. (2008): The importance of agriculture on rural development in Malesh region, European Summer School of Rural Sociology 2008, „Urban – rural cooperation for the future“ – Nagykanizsa Campus of the Pannon University, Hungary.

Во овој труд се проучува значењето на земјоделството за развојот на Малешевијата, која претставува претежно рурално подрачје. Се утврдува сегашната корист што земјоделството го има за овој реон и идниот развој на Малешевијата како важен земјоделски реон во Република Македонија.

7. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2008): Основи на економијата и агроекономијата - интерна скрипта од предавања. Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр. 93.

Интерната скрипта по основи на економијата и агроекономијата е наменета за предметот Основи на економија, што се слуша во вториот семестар од првиот циклус студии на Земјоделски факултет. Скриптата има 93 страници и во неа се опфатени поглавја од областа на економијата на земјоделството предвидени според наставна програма за предметот.

8. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2008): Развој на хумани ресурси - интерна скрипта од предавања. Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.148.

Интерната скрипта по основи на развој на хуманите ресурси е наменета за предметот Развој на хумани ресурси, што се слуша во првиот семестар од првиот циклус студии на Земјоделски факултет. Скриптата има 148 страници и во неа се опфатени поглавја од областа на менаџментот со хуманите ресурси предвидени според наставната програма за предметот.

9. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2007): Погледи кон менаџментот на одржливиот развој на земјоделството. Годишен зборник на Земјоделски факултет - Штип, год. 7: стр. 79-86.

Во овој труд е направен краток поглед кон насоките за одржлив развој на земјодлското производство. Одржливиот развој на земјоделството не може да се замисли без неговата економска способност, еколошка заштитеност, социјална одговорност и етичка фокусираност. Економски способно земјоделство подразбира примена на нови начини на стопанисување, што во своите калкулации ја зема предвид и грижата за заштита на животната средина.

10. Sekovska B., Nikolov P., **Kletnikoski P.** (2007): Organic agriculture – situations and perspectives for RM. Tematski zbornik, Međunarodni naucni skup ”Multifunkcionalna poljoprivreda i ruralni razvoj II”, Volume 59, Beograd.

Во овој труд се анализира развојот и предвидувањата за органското земјоделство во Република Македонија – површините под органски производи како и нивната структура, законската легислатива и државната поддршка, како и краток опис на пазарот на земјоделски производи.

11. Мицески Т., **Клетникоски П.** (2006): Менаџмент со агрохемиската заштита на растенијата, Годишен зборник на Земјоделски факултет - Штип, год. 6: стр. 61-69.

Во овој труд ќе бидат изнесени некои аспекти на менаџментот на агрохемиската заштита на растенијата како дел од новиот концепт на заштитата на растенијата. Менаџментот со агрохемиската заштита, како дел од новиот концепт на заштита на растенијата, ги опфаќа сите аспекти на активности кои овозможуваат преку ефикасно и ефективно користење на агрохемиските заштитни средства да се постигнуваат добри и квалитетни приноси на одгледуваните земјоделски култури, а истовремено да се води посебна грижа за зачувување на здрава животна средина.

**Стручно-апликативна и организациско развојна дејност**

Кандидатот Петар Клетникоски учествува на бројни семинари, конференции, конгреси и работнилници, во земјата и во странство, од кои позначајни се:

- Обука за раководење со проектен циклус, SNV и Канцеларија за рурален развој, Земјоделскиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев”, Берово, 18 – 20.12.2009.
- Обука за обучувачи за унапредување на способностите за комуникациски и вештини на управување со работилници, SNV, Берово, 28 – 30.05.2009.
- Учество на XXXIII-то традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 15-18.12.2008.
- Учество на European Summer School of Rural Sociology 2008, Nagykanizsa, Hungary, 24-30.08.2008.

Петар Клетникоски учестува во реализацијата на активности во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ од кои позначајни се:

- член на Комисијата на Земјоделски факултет за уписите од прв циклус студии за 2009/10 на прием на документи и запишување на студенти во с. Амзабегово и Берово при УГД - Штип во трите уписни рокови;
- ангажираност во лабораториски анализи за семеконтрола кои се извршуваат на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев “ – Штип;
- соработник во Канцеларијата за рурален развој, Катедра за заштита на растенијата, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев “ – Штип;
- спроведена обука „Буџетирање на фарма: цена на чинење на пипер“ за целна група на Канцеларијата за рурален развој (25.11.2009 г., во с. Зрновци);
- учество во изготвувањето на програмите за прв и втор циклус студии за модулот Агроменаџмент на Земјоделски факултат, УГД – Штип.

Од наставно-образновна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност во периодот помеѓу двата избора кандидатот Петар Клетникоски освојува вкупно 51,1 поен.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на пријавените кандидати, а со оглед на досегашната наставна активност, Комисијата му дава предност на кандидатот Петар Клетникоски, кој како досегашен асистент покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа економика на земјоделството и основи на агроекономија. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката што се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека Петар Клетникоски ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Земјоделски факулет - Штип да му предложи **Петар Клетникоски да биде избран во звање помлад асистент за научната област економика на земјоделството и основи на агроекономија.**

**Резензентска комисија**
**Доц. д-р Еленица Софијанова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**

**Табела**
**за вреднување на активностите на Петар Клетникоски,**
**според критериумите дадени во Правилникот за избор на**
**наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на**
**Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Интерна скрипта од предавања | 3 | 4 | 12 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 38 | број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | 7.6 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 4 | 9/6/3 | 4*3=12 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2 | во странство 2 | 4 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 1<br><br>1 | во земјава 1/1,5<br><br>Странски 1,5/2 | 3,5 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **51,1** | | |